**Година 2004, февруари, број 25**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## АКТИВНОСТИ

Факултетот се наоѓа во завршната фаза од проектот за реконструкција на студиите. Предвидениот термин план, наспроти обемната работа се почитува.

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Сите припадници на "појакиот" пол се потсетуваат дека до излегувањето на следниот број ќе наиде празникот осми март.

На сите припадници на понежниот пол им го честитаме празникот.

## ATELIER - "I MEDITERRANEI" SOUTH/EAST DIALOGUE
## (started on 1 Octomber 2003)
## New horizons for a new Europe
## Thematic networks for development of local traditions and typical products as a contribution to a globalized society

Кон крајот на 2003 год. европската комисија во рамките на шемата ERASMUS го одобри проектот со горниот наслов. МФС е една од преку 60 членки во конзорциумот составен од универзитети од Медитеранот и Источна Европа.

## ПРОМОЦИЈА НА ЗАВРШЕНИ СТУДЕНТИ 2003

На ден 13.02.2004 во 11 часот во Амфитеатарот се одржа промоција на завршените студенти на факултетот и тоа:

- 6 магистри (VII-2 степен)
- 135 дипломирани машински инженери (VII-1 степен)
- 42 машински инженери (VI-1 степен)
- 25 дипломирани студенти на ИСИЖС
- 3 дипломирани студенти на ИСЗР
- 2 дипломирани студент на ИСПТО

Деканите на МФС И ИСИЖС одржаа поздравни говори. Потоа од страна на факултетот беа наградени најдобрите дипломирани студенти, најдобрите дипломски работи, најдобрите студенти по студиските години. Најдобриот дипломиран студент, Даме Димитровски со просек 9.94 доби вредни награди: ослободување од надоместот за постдипломски студии на МфС, потоа Фондацијата Стамболиев му ја додели традиционалната награда како најдобар студент на МФС. Од спонзорот Инженерската Институција на Македонија доби прстен.

Мобимак на дипломираните студенти со одличен просек им додели припејд пакет со мобилен телефон. Електростопанство на Македонија додели

парични награди на дипломираните студенти со најдобрите дипломски работи по насоки.



МФС ги награди со 10 000 денари студентите со постигнат просек 10.00 во текот на учебната година.

Најбрзо дипломираниот студент со одличен просек доби награда од Пивара, тренинг курс во Мотива.

Од останатите активност беа наградени Сојузот на студентите со орман за чување на освоените пехари, фудбалската екипата на МФС од спонзорот ЈСП - Скопје доби подарок комплет дресови (професионални) и фудбалска топка на екипата за мал фудбал на МФС. Студентскиот авто клуб доби награда - бесплатен технички преглед на возилото од Сојузот на возачи. Кошаркарите добија кошаркарска топка, а редакцијата на весникот "Да Винчи" потсетување дека се очекуваат нови броеви од списанието.

Посебно изненадување на промоцијата беа и пригодните играчки и индекс за запишување на МФС за новородените деца од нашите дипломираните студенти кои во меѓувреме станале родители.

После подигањето на дипломите во холот и бифето се одржа пригоден коктел.

## КОНКУРС

Министерството за образование и наука во соработка со Советот за научно-технички истражувања на Турција објавува конкурс за заеднички проекти помеѓу македонските и турските партнери. Предлог проектите треба да се доставаат најдоцна до 15. 03. 2004.

Подетални информации и подигање на формулари кај продеканот за наука или во министерството на телефон 3236-736 или 3118-022.

## КОНФЕРЕНЦИЈА

Министерството за образование и наука во соработка со Конференцијата на Германските Ректори (HRK) на ден 24.02.2004 организираше Конференција за високо стручно образование во Македонија. На конференцијата присуствуваа високи преставници од HRK. Од МФС присуствуваа деканот и продеканот за наука.

## ТЕМПУС

Генералниот директорат за образование и култура на Европската Комисија иницира дијалог со земјите учеснички во Темпус програмата за дефинирање на приоритети за соработка во 2004-2005 година. Во тој контекст,

министерството за образование и наука повикува на соработка и доставување предлози кои треба да се достават најдоцна до 01. 03. 2004.

Подетални информации кај продеканот за наука.

## НАГРАДА

Стопанската комора на Р. Македонија ја додели годишната награда за најуспешна иновација применлива во пракса на асс. д-р Глигорче Вртаноски, и проф. д-р Владимир Дуковски за пронајдокот: *"Состав и постапка на добивање на полимерен бетон за примена кај носечки структура на машините "*

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

На 10.02.2004 година, својот магистерски труд го одбрани дипл.инж. Мијовски Пеце. Додека пак на 18.02.2004 година, својот магистерски труд го одбрани дипл.инж. Јанев Иљо.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## БИБЛИОТЕКА

Во библиотеката е обновен книжниот фонд за студентите со 33 наслови (вкупно 261 примерок) од веќе постоечките учебници, изданија на универзитетот "Св. Кирил и Методија".

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Миле Димитровски и проф. д-р Донев Ванчо, заради набавка на опрема, од 4.02 до 6.02.2004 година, реализираа службено патување во Белград, СЦГ.
2. Асс. м-р Виктор Гаврилоски од 18.02 до 29.02.2004 година, реализира стручен престој на Техничкиот универзитет во Илменау, Германија.
3. Асс. д-р Ѓорѓи Аџиев, заради продолжување на научноистаражувачката соработка, на ден 14.02.2004 година, реализира стручен престој на Машинскиот Факултет во Белград , СЦГ.
4. Доц. д-р Атанас Кочов од 10.01.2004 до 10.09.2004 студиски престој во САД, како добитник на Фулбрајтова стипендија.
5. Асс. м-р Христијан Мицковски, отслужување на воен рок.

Му посакуваме пријатни и мирни војнички денови.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**26.02.2004**
**37 СЕДНИЦА НА ННС**

**08.03.2004**
**СВЕТСКИ ДЕН НА ЖЕНАТА**

**25.03.2004**
**38 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*